# ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за управување со човечки ресурси

ПРЕТСТАВНИК: Валентина Ѓоргиевска

Раководител на Сектор за управување со човечки ресурси

Предлог-Одлука
за давање согласност за преземање вработен

Скопје, февруари 2022 година

Предлог

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) а во врска со член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Град Скопје на _____________ седница, одржана на ___________ 2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност за преземање вработен

Член 1

Се дава согласност за пополнување на работно место **Советник за нормативни работи** со шифра УПР0101В01000 во Одделение за норматива - Сектор за правни работи на Град Скопје – 1 извршител, преку трајно преземање на вработен од СУГС „Шаип Јусуф“ Скопје.

Член 2

Финансиските средства се предвидени во Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27 _______<br>______________<br>Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Трајко Славески

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со член 36 Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) утврдена е надлежноста за Советот на Град Скопје.

Еден од начините за пополнување на слободно работно место наведено во диспозитивот на одлуката, е преку преземање вработен од друга институција во јавниот сектор.

Правен основ за донесување на оваа одлука е содржана во член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор кој гласи:
Вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која работи или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани во актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

Со одредбите на овој член е предвидена можност за мобилност на вработени од една во друга институција во јавниот сектор преку институтот преземање. За да се реализира ова хоризонтално движење на вработени на исто ниво од една во друга институција, законот  како претходен услов предвидел институцијата во која вработен се вработува преку преземање да даде претходна согласност за обезбедени средства. Оваа согласност ја дава органот надлежен за давање согласност на годишниот план за вработување на иституцијата во однос на буџетот. Орган кој дава согласност на Годишниот план за вработување во Град Скопје, согласно член 20-б став 1 алинеја 3 е Советот на Град Скопје.

Согласно наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената одлука за давање согласност за преземање вработен.